[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**ОДДЕЛ ЗА АНАЛИЗА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

[redacted]

[redacted]

**До:** [redacted]

**Предмет:** Сознанија за Горан Живаљевиќ, припадник на БИА, акредитиран офицер за врска во српската амбасада во РМакедонија, пресек, доставува.-

[redacted]

[redacted]

Доставено до:

1. Оддел за КР (примерок бр. 1 )
2. Оддел за АИ (примерок бр. 2 )



[redacted]

[redacted]

[redacted]

**Горан Живаљевиќ**[1], **припадник на БИА**[2] **и акредитиран офицер за врска со АР и УБК на РМ во српската амбасада во земјава,** дипломатската функција ја извршува во три одделни мандати во периодот од 2005 година до денес. По стапувањето на **последната дипломатска функција во РМ /јули 2015 г./,** српскот дипломат **применува нелегални постапки и методи за нејзино остварување.** Се работи за дипломат за кого постојат **индиции** дека се занимава со **разузнавачка дејност на територија на РМакедонија** или **активности кои се неспоиви со дипломатската служба.**

Српскиот разузнавач во земјава остварува редовни контакти со граѓани од српска националност или просрпски ориентирани лица, како и со деловни и пријателски врски на Амбасадата.

Живаљевиќ одреден период ја обавувал и функцијата заменик директор на БИА во Белград, а како резултат на блиските релации со [redacted] од 01.04.2005 година бил акредитиран во српската амбасада во Скопје.

Почнувајќи од 2005 година регистриран е негов интерес за албанскиот политички фактор во РМакедонија и воспоставените релации на македонскиот државен врв со косовските институции. Истиот често престојувал во Врање, каде остварувал контакти со [redacted] од кого добивал инструкции за прибирање разузнавачки податоци за одредени македонски бизнисмени и актуелни политичари.

Освен со [redacted] Живаљевиќ остварувал контакти и со:

[redacted]

Во месец јуни 2006 година, ненадејно бил повлечен од Скопје, по што не се добиени сознанија за негов престој и контакти во РМакедонија.

---

[1] Со прекар „Гута", роден на 23.02.1965 година во Белград, РСрбија, студирал на Факултетот за безбедност во Скопје, по што се вработува во тогашната Служба за државна безбедност во Белград. [redacted] претходно била вработена во БИА, во седмиот оддел за прислушкување, на позиција репродуцер, а одредено време и како главен аналитичар.

[2] Со цел следење и попречување на разузнавачката активност на Горан Живаљевиќ во РМакедонија, во периодот 2005-2006 год. беше водена ОО "Фабијан".



[redacted]

[redacted]

По реизборот на српскиот претседател Борис Тадиќ во март 2008 година, во текот на 2009 година Живаљевиќ се враќа на истата дипломатска функција во Скопје. Во неговиот втор мандат констатиран е негов интерес за воспоставување директни контакти со лицата:

[redacted] од Скопје
[redacted] од Скопје,
- **Иван Стоиљковиќ,** претседател на ДПСМ
[redacted] новинар
[redacted] од Скопје, за кого Живаљевиќ негирал дека е поврзан со структури на БИА.

Српскиот разузнавач бил заинтересиран и за воспоставување контакти со членови на политичките партии на Србите во РМ, со цел увид во состојбите, надминување на нивните меѓусебни несогласувања и создавање услови за поголема застапеност на Србите во македонските институции.

Со кадровските промени во српската амбасада, на 15.04.2013 година Живаљевиќ повторно бил отповикан од дипломатската функција и акредитиран во српската амбасада во РХрватска, каде според непотврдени сознанија се занимавал со активности неспоиви со дипломатската служба и бил повлечен од функцијата.

Најновата **дипломатска мисија од јули 2015 година** како акредитиран офицер за врска со АР и УБК на РМ во српската амбасада во земјава, укажува на **делување** кое **излегува од рамките** на **легалните дипломатски функции и претставува мешање во внатрешните работи на РМакедонија.** Во ваквите негови активности е **инволвирана и неговата соработничка мрежа во земјава.**

Имено, веднаш по неговото именување Горан Живаљевиќ[3], започнал со **обновување на релациите** со лицата со кои контактирал во периодот на неговото **претходно работење во РМ**. Воедно ги презел утврдените контактори на неговиот претходник, [redacted] со кои ја интензивирал комуникацијата **.**

Воочливи се неговите настојувања за **реализиција на контакти со лица** од кои поголемиот дел, со оглед на нивната вклученост во општествено-политичкиот и економски живот на РМ, располагаат со податоци кои може да претставуваат разузнавачки интерес на БИА или имаат **пристап до податоци** што можат да послужат во насочувањето на српската надворешна политика.

Во овој контекст, Живаљевиќ се обидува да воспостави и одржува контакти со претставници на државните органи и институции, политичките партии од власта и опозицијата, личности од културниот живот во земјата, врз основа на што подготвува оперативни материјали кои ги проследува до БИА. При тоа во **работата на српскиот дипломат** се **препознаваат елементи на разузнавање** како често применувана форма во неговото делување.

---

[3] Регистрирано е присуство на [redacted] на протестите во мај 2015г. во Скопје, /престојот бил по налог на БИА, а според непотврдени сознанија [redacted] бил придружуван од Живаљевиќ, кој се уште не бил официјално назначен на дипломатската функција/.

[redacted]

Покрај следењето на политичките настани во земјава Живаљевиќ во континуитет е заинтересиран за:

- информации кои се однесуваат на безбедносната состојба во РМакедонија
- мерките и активностите кои на безбедносен план ги презема МВР
- настап кон лица вработени во Агенцијата за разузнавање[4] и МВР на РМ,

при што настојуваше преку **поединци**[5] **кои имаат тесни врски со припадници на МВР** да создаде услови за обезбедување **податоци од разузнавачки карактер.**

Регистрирани се контакти на Живаљевиќ со:

- [redacted]

[redacted] *покрај со горенаведените остварува контакти и со :*

- [redacted] *Гази Баба,*
- [redacted] *инспектор, поранешен помошник министер во МВР,*

## I. Контакти со Иван Стоиљковиќ, лидер на ДПСМ и пратеник во Собранието на Р Македонија

Интересот и **силното влијание на Живаљевиќ во политиката** во земјава се врзува со **тесните релации** на припадникот на БИА со актуелниот македонски политичар како **негова утврдена агентурна позиција.**

Истите однапред имаат договорени локации за средба, чија комуникација се интензивира во моменти на значајни политички и безбедносни настани, во РМакедонија. Во одредени итни случаи, Стоиљковиќ телефонски му дава

---

[redacted] припадник на криминални структури во земјава со директни или индиректни врски со припадници на МВР на РМ. Од примена на ПИМ констатирано е дека на 30.09.2016 година [redacted] го повикува [redacted] да дојде во Белград заедно со [redacted] за што не се добиени сознанија за нивна реализирана средба.

[redacted]

конкретни податоци на разузнавачот на БИА. Живаљевиќ за одредени политички активности е брифиран и пред официјалното соопштување за настаните во земјава. Воедно, пратеникот во македонското Собрание доставува податоци и за договорите и идните активности на коалицијата во која тој партиципира.

***Од страна на УБК во неколку наврати е констатирано дека при донесувањето на одредени важни одлуки во Собранието или пред состаноци во Владата на РМакедонија се реализираат телефонски и непосредни средби на пратеникот со разузнавачот. Истиот при превземањето на одредени политички потези и донесувањето одлуки, можно е да делува според насоките дадени од страна на Живаљевиќ и српската разузнавачка служба.***

Континуираната интензивна комуникација меѓу Стоиљковиќ и **Живаљевиќ** упатува и на фактот дека разузнавачот директно ги **насочува и контролира активностите на пратеникот,** врз кого има целосна контрола, а преку истиот се обидува да **влијае и врз севкупната политичката состојба во земјава.**

**Иван Стоиљковиќ подолг период е ангажиран од страна на СРС,** со цел да извршува плански и организирани **разузнавачки активности од интерес на РСрбија спрема РМакедонија.** Од содржината на поставените задачи кои ги реализира во рамки на пратеничката функција може да се осознае фокусираноста на српскиот интерес, стратешките цели и методите за настап на СРС спрема одредени категории лица од РМакедонија.

**Ваквата "активност" на српската разузнавачка служба за создавање агентурна мрежа во РМакедонија, е противуставна и претставува упад во институционалниот систем на РМакедонија.**

Внимание заслужува податокот дека **Иван Стоиљковиќ во последниот период е на контакт со руски дипломати во РМ** [6], што би можело да се разгледува во рамки на **руската агенда за зголемување на руското влијание на Балканот и попречување на влезот на поедини земји од регионот во НАТО и ЕУ.**

**Горан Живаљевиќ, во остварувањето на своите разузнавачки цели прави обиди за продор и во медиумите со цел влијание врз јавното мислење во полза на српските интереси**[7] со што делува и на субверзивно-пропаганден

---

[6] [redacted] контакт на 08.11.2015 година, [redacted] заминал од должност кон крајот на 2015 година со кого реализирал средба на 25.03.2014 и [redacted] во РМ со кого реализирал средба на 04.07.2016 год веднаш по враќањето од Москва, каде Стоиљковиќ во својство Претседател на Собраниската комисија за соработка меѓу РФ и РМ се јавува како еден од потписниците на последната „Декларација за создавање на воено неутрален балкански сојуз" /крајот на јуни 2016 г./ со партијата на Претседателот Путин, „Единствена Русија".

[7] **Стоиљковиќ** од страна на Живаљевиќ бил упатен да реагира по однос на одреден новинарски текст /во дневниот весник „Вечер"/ како и да влијае врз одредени новинари во земјава, односно

[redacted]

план. Во основа ваквиот **настап** на српскиот разузнавач се манифестира преку **директно или индиректно насочување на медиумската пропаганда во земјава .** За таа цел остварува комуникација со:

[redacted]

Контактите со Живаљевиќ, датираат од времето кога истиот бил заменик директор на БИА. *Неговата сопруга,* [redacted] *е вработена во МНР на РМ како* [redacted]

- [redacted] остварува непосредни средби со српскиот разузнавач. Средби помеѓу Живаљевиќ, [redacted] и [redacted] по претходен договор се одржувале и во РМ, и во РСрбија.

- **Мирослав Лазански,** српски новинар и военополитички коментатор. Од 2016 година и пратеник во Собранието на РСрбија. Последниот период зачестено престојува во РМ, каде ја следи политичката ситуација и известува за српските медиуми. По иницијатива на српскиот разузнавач и со посредство на Стоиљковиќ, кој дејствува по претходни консултации со разузнавачот, го насочува новинарот со кого да контактира и на која тема. На контактите и интервјуата на Лазански со значајни личности[8] од македонската политичка сцена по инструкции на Живаљевиќ присуствува и Стоиљковиќ.

### II. Контакти со претставници од бизнис заедницата во РМакедонија

**Разузнавачката компонента** присутна во дипломатските активности на Живаљевиќ може да се претпостави и во рамките на неговите **контакти со лица од бизнис заедницата** и јавниот живот во земјава. Регистрирани се средби на Живаљевиќ со:

- [redacted] **од Скопје,** македонски бизнисмен[9]. Потврдени се негови контакти, како со Горан Живаљевиќ, така и со претходниот разузнавач на БИА во РМакедонија, [redacted]
- [redacted] **од Скопје,** адвокат и сопруга на [redacted] Добиени се податоци за комуникација помеѓу истата со [redacted] и разузнавачот на БИА, Горан Живаљевиќ.
- [redacted] основач на [redacted] во релативно краток период по воспоставената првична комуникација со Живаљевиќ, оствариле повеќе средби во земјава и РСрбија. Индикативна е комуникацијата на Живаљевиќ со [redacted] и поврзаноста со неговиот претставник за Косово, [redacted] за кого БИА-Ниш во последните две години континуирано пројавува интерес. Не се исклучува можноста

---

врз содржината на информациите кои истите би ги презентирале во иднина. Пратеникот сугестијата ја прифатил како приоритетна задача.

[8] На 04.03.2017 година реализирана средба со премиерот на РМакедонија на која присуствувал и Стоиљковиќ.

[9] На 14.09.2016 година од страна на [redacted] во ресторанот [redacted] е организирана вечера, финансирана од [redacted] на која присуствувале [redacted] Горан Живаљевиќ, [redacted] и [redacted] припадници на БИА, како и четири лица од безбедносните органи на БИА и МВР на РСрбија.

[redacted]

двајцата да одработуваат за потребите на РСрбија, за возврат на одредени ветени привилегии за ширење на нивните бизниси /инвестициски потфати/ на територијата на РСрбија.

- [redacted] главен извршен директор на [redacted] во директна и индиректна комуникација со Горан Живаљевиќ и во зачестени контакти со [redacted] и [redacted] во Скопје и Белград.
- [redacted] **од Скопје**, поранешен сопственик на фирма за компјутери и софтвери [redacted] актуелен сопственик на [redacted] и [redacted] се долгогодишни пријатели на Живаљевиќ /истите организирано соработувале и со претходникот на Живаљевиќ, [redacted]
- [redacted] актуелен директор на претставништвото на српската фирма [redacted] во Скопје, и претседател на [redacted] Истиот е предмет на интерес на УБК од 2003 година /српски екстремен национализам и спротивставување на повисоки облици на организиран криминал/.Лицето било идентификувано како контактор на Живаљевиќ и [redacted] како и на поранешното воено аташе во Амбасадата и разузнавач на [redacted]

Сознанијата укажуваат дека во врска со ова лице е пројавен конкретен разузнавачки интерес од БИА-Ниш, што би можело да значи дека и во формирањето на новата партија на Македонците во Р Србија – СМС има одредено влијание БИА.

Живаљевиќ контактира и со:

- [redacted] **од Скопје**, лекар во болницата [redacted] во Скопје, контактор на Живаљевиќ во исклучително блиски релациии и со поранешниот разузнавач, [redacted]
- [redacted] **од Скопје**, долгогодишна блиска врска на Живаљевиќ, осуден во судскиот процес [redacted] како првообвинет.

## III. Контакти со српски државјани

Комуникацијата на српскиот разузнавач и врските со криминалните структури на РСрбија покрај македонски ги остварува и преку српски телефонски броеви[10].

- [redacted] **од Белград**, близок на безбедносните структури на БИА и потврден контактор на Живаљевиќ, кој заедно со неговиот близок пријател [redacted] се во деловни релации со [redacted] и [redacted] сите од Скопје.

[10] Индикативно е дека Живаљевиќ и [redacted] од Белград во неколку наврати користеле ист српски тел. број при телефонска комуникација со [redacted]

[redacted]

[redacted]

- [redacted] **од Земун/Белград**, припадник на српски криминални структури и потврден контактор на Живаљевиќ, можен соработник на БИА. Истиот реализира поединечни и заеднички контакти со Живаљевиќ, [redacted] и [redacted] Белград или Земун, каде што живее, но не е исклучено истите да одржуваат средби и во Скопје, каде што доаѓаат периодично на неколку месеци.
- [redacted], за кого се претпоставува дека е припадник на БИА од висок ранг. Индикативно е што и во меѓусебната комуникација на [redacted] и Живаљевиќ се споменува ова лице/ реализирани повремени контакти меѓу [redacted] и [redacted] во Белград/, кое исто така имало релации и со бизнисменот [redacted] Постои можност [redacted] всушност да е истиот припадник на БИА кој на 14/15.09.2016 година бил во РМ, за време на престојот на српскиот претседател во земјава.
- [redacted] од Р Србија кој остварува телефонски контакти со Живаљевиќ и најчесто го брифира околу актуелната политичка ситуација во РСрбија или случувањата на политичката сцена во земјава.

**Аналитичка оценка**

**Дејствувањето на српскиот дипломат** во РМакедонија, **Горан Живаљевиќ** не само што е **некомпатибилно со неговиот дипломатски статус, туку истото претставува и мешање во внатрешните работи на нашата држава.**

**Активностите на припадникот на БИА и офицер за врска со УБК и АР**, изминатиот период беа насочени главно во правец на зајакнување на позициите и **проширување на неговата агентурна/соработничка мрежа во земјава**. Истиот во релативно краток период по неговото повторно доаѓање на служба во земјава ги продолжил контактите со претходните позиции и пројавил активности за формирање нова мрежа на контакти меѓу македонските граѓани.

Интересно во неговото делување е тоа што се повеќе се ориентира кон воспоставување контакти со лица од категоријата "нови" бизнисмени кои потекнуваат или имаат релации со криминалното "миље", а кои истовремено се блиски и до македонски граѓани кои завземаат високи позиции во институционалниот систем во државава или високо котираат во јавниот живот.

**Агентурното делување** на српскиот дипломатски претставник во земјава, претставува **најдрастично пречекорување на овластувањата** според меѓународното право, при одредувањето на границата помеѓу дипломатската и разузнавачката функција. Во таа насока може да се констатира дека **активностите на српскиот дипломат** во РМакедонија **излегуваат надвор од дипломатскиот кодекс на однесување и се неспоиви со вршењето на дипломатската служба во земјава.**

Евидентно е дека со ваквото делување, **Живаљевиќ, не се придржува кон правото кое му ја одредува функцијата и неовластено навлегува во повеќе полиња од општествено-политичкиот систем на држава.** Такви се неговите обиди за иницирање активности со кои посредно или непосредно се **навлегува**



[redacted]

[redacted]

[redacted]

**во зоната на мешање во внатрешните работи на земјава**, преку **врбување на лица** со цел нивно **инсталирање во највисоките државни структури, одредено влијание врз политичките процеси** и **медиуми во земјава,** како и негово **субверзивно-пропагандно делување** насочено кон македонските државјани во контекст на можниот процес на дестабилизација на земјава.

Според сознанијата добиени од извори на УБК, **Живаљевиќ севкупното делување во РМакедонија го врши според инструкции и во координација со БИА.**

Во тој контекст како **посебно подрачје на интерес на српскиот разузнавач** во последниот период беа обидите за реализација на планските активности на српската разузнавачка служба во правец на нејзино **инсталирање во поедини државни ресори, пред се во МВР на РМ и Агенција за разузнавање.**

Воедно, сознанијата дека **се работи за дипломат кој на територијата на друга држава се занимавал со активности неспоиви со дипломатската служба /РХрватска/,** преставува дополнителен основ врз кој може да се истакне неговата **неприфатливост како дипломат и на територијата на РМакедонија.**

Досегашниот фонд на оперативни податоци за **делувањето на Горан Живаљевиќ** спрема РМакедонија **дава основа за преземање на мерки за попречување активностите на акредитираниот српски преставник** во земјава со цел заштита на националните интереси на РМакедонија.



[redacted]

I. Македонија ........ 3

Лазански: Не ја даваме Македонија! ........ 3
Мирослав Лазански: Еве зошто ќе почне војна во Македонија! ........ 4
Мирослав Лазански: Ако се согласите да го промените името, вие сте ја изгубиле душата . 4
Лазански: Налогот за напад во Македонија дојде од Вашингтон ........ 5
Lazanski sve predvideo: Amerikanci prave rat u Makedoniji zbog Turskog toka! ........ 5
Zašto je Makedonija toliko važna Rusiji? ........ 6
Lazanski: Teroristički napad u Kumanovu postigao cilj, Makedonija i Srbija odustali ........ 7
"RS i Makedonija jedine nepokorene na Balkanu" ........ 8
Miroslav Lazanski: Amerikanci mogu da rekonstruišu i glas Aleksandra Makedonskog ........ 10
Miroslav Lazanski: Zapad putem terorista u makedoniji želi spriječiti izgradnju Turskog toka.... 10
Lazanski: Šta je sa ovim našim komšijama, na sve strane nas tužakaju ........ 11
Miroslav Lazanski: „Mlada komunistkinja Mogerinijeva i dolazak Hitlera na vlast!" ........ 12
Srpska i Makedonija na udaru "narandžastih revolucija" ........ 14
Мирослав Лазански: Балкан у раљама шпијуна ........ 14

II. Србија ........ 16

LAZANSKI UPOZORAVA POSLE ATENTATA U SOPOTU: Ne dirajte Kusturicu, RUSKA SLUŽBA BEZBEDNOSTI ga čuva! ........ 16
Vučićević i lazanski na pinku: Sa novim "migovima" i sistemom "BUK M2" bićemo najjači na Balkanu! ........ 17
Lazanski o jeremiću i aferi topčider: Izgleda da svi imaju amneziju, prosto je neverovatno da niko ništa ne zna! ........ 17
MIROSLAV LAZANSKI NEMA DILEMU: Putin će svim silama braniti Republiku Srpsku! ........ 19
MIROSLAV LAZANSKI BEZ DILEME: Ruskoj bazi u Nišu dati status DIPLOMATSKOG CENTRA!..... 20
Lazanski o ruskom oružju koje stiže u srbiju: Naše nebo će biti sigurnije, a granice bolje branjene! ........ 21
DRAMATIČNO UPOZORENJE, EVROPI I BALKANU PRETI HAOS! Lazanski: U Srbiju će nagrnuti MILION IZBEGLICA! ........ 22
LAZANSKI O BREGZITU: Mislim da će Evropa sada biti popustljivija prema Srbiji! ........ 23
Miroslav lazanski: Kineskog zmaja veoma interesuje iskustvo Vojske Srbije sa NATO vezbi! ..... 24
Lazanski, panika zbog ruske baze: Iz Ečke će ruska avijacija uz pomoć srpske pešadije, da napadne američki štit! ........ 25
Miroslav lazanski: Smejurija, opozicija slavi što je prošla cenzus! ........ 26
LAZANSKI U INTERVJUU ZA INFORMER PORUČUJE: Nikada nećemo u NATO! ........ 26
LAZANSKI: Za uspeh vojske potrebna je ideologija ili pare, entuzijazam je potrošna roba! ........ 27
MIROSLAV LAZANSKI: Vučić ima viziju, on je najbolja opcija za budućnost Srbije! ........ 29
LAZANSKI POTVRDIO SAZNANJA INFORMERA: Tačno je, biću na izbornoj listi SNS! ........ 29
LAZANSKI O HAŠKOJ INKVIZICIJI: Silu iznad prava Rusija osporava, Srbija se kasno setila?! ........ 30
LAZANSKI IMA REŠENJE ZA S-300: Neka se tajkuni stisnu i odvoje pare za bezbednost otadžbine! ........ 31

III. Балкан ........ 32

LAZANSKI: Prvi cilj RUSKOG NUKLEARNOG UDARA je na samo 200 km od Beograda! ........ 32
MIROSLAV LAZANSKI APELUJE: Ako nas Albanci napadnu, Vojska Srbije da zauzme sever Kosova! ........ 32
MIROSLAV LAZANSKI PROCENJUJE: Sa Trampom je moguća i podela Kosova! ........ 34
HRVATI ZAKUVAVAJU: U ratu bi Srbija pobedila BiH! LAZANSKI ODGOVARA: Borbeno smo jači od Hrvatske i Bosne! ........ 35
MIROSLAV LAZANSKI NEMA DILEMU: Putin će svim silama braniti Republiku Srpsku! ........ 36
DRAMATIČNO UPOZORENJE, EVROPI I BALKANU PRETI HAOS! Lazanski: U Srbiju će nagrnuti MILION IZBEGLICA! ........ 37
MIROSLAV LAZANSKI: Miran Balkan ne odgovara zapadnim centrima moći, jer ih izbacuje iz igre! ........ 38
DRAMATIČNO UPOZORENJE LAZANSKOG: Nameštaju nemire u Srpskoj, da zbace Dodika i isteraju Ruse sa Balkana! ........ 39
LAZANSKI: U Bosni niko nije bio samo anđeo, ni samo đavo, ali Hag ne misli tako! ........ 40

LAZANSKI O RAKETNOJ PRETNJI IZ HRVATSKE: Ustaše podviljale posle mog gostovanja na HRT!41
OVAKO JE PRIČAO LAZANSKI: Samo ratom možemo da vratimo Kosovo! ........ 43
LAZANSKI O RUŠENJU DODIKA: Ono što je uradio Albanski novinar u Briselu nije bilo slučajno! 43
MIROSLAV LAZANSKI O CRNOJ GORI: Zašto volim novu NATO državu?! ........ 44
LAZANSKI O BLOKADI: Hrvati će snositi posledice ovako nerazumne politike! ........ 45
IV. Русија ........ 45
Treći svetski rat se vodi protiv Rusije, dok peta i šesta kolona čeka dvorski prevrat! ........ 45
MIROSLAV LAZANSKI BEZ DILEME: Ruskoj bazi u Nišu dati status DIPLOMATSKOG CENTRA! ..... 47
LAZANSKI O SPOSOBNOSTIMA RUSKOG MIG-29: Zašto su tokom AGRESIJE bili laka meta lovcima NATO alijanse?! ........ 48
STROGO POVERLJIVO, SJAJNE VESTI IZ RUSIJE: Putin nam poklonio migove vredne čak 150.000.000 evra! ........ 50
PUTIN ŠALJE 200 AVIONA U SRBIJU! LAZANSKI: Amerikanci da se ne mešaju! ........ 52
MIROSLAV LAZANSKI NEMA DILEMU: Putin će svim silama braniti Republiku Srpsku! ........ 53
Bićemo sila i ako Putin pošalje pola! ........ 55
PANIKA ZBOG RUSKE BAZE: Iz Ečke će ruska avijacija uz pomoć srpske pešadije, da napadne američki štit! ........ 56
U Vašingtonu su zbunjeni, Rusija je igrač koji uobličava svet! ........ 59
Povlačenje iz Sirije je Putinov diplomatski potez, avioni i brodovi ostaju! ........ 61

[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**ОДДЕЛ ЗА АНАЛИЗА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

[redacted]

[redacted]

**До: Директор на управа за безбедност и контраразузнавање**
**г - дин Владимир Атанасовски**

**Предмет:** Тендиции и правци на делување на Руската разузнавачка служба во РМакедонија, аналитичка информација, доставува.-

[redacted]

[redacted]

Доставено до:

1. Директор на УБК (примерок бр. 1)
2. Оддел за АИ (примерок бр. 2)



[redacted]

[redacted]

Актуелната политичко-безбедносна состојба во регионот поврзана со плановите за приклучување кон НАТО, во кој контекст е и поддршката за интеграција на Македонија го отвора прашањето за степенот на руското влијание во насока на опструирање на овој процес.

Имајќи ја предвид руската стратегија за попречување на овие процеси манифестирана низ директните изјави на рускиот државен врв со цел создавање на т.н „замрзнати конфликти" во регионот, се оценува дека во изминативе девет години РМакедонија е под силна субверзивна, пропагандна и разузнавачка активност спроведувана преку активностите на амбасадата на РФ. Користејќи ги средствата и методите на т.н. „мека моќ", како дел на стратегијата на РФ на Балканот, целта е земјата да се изолира од влијанието на „западот".

Воедно, руската надворешна политика е во тесна корелација со енергетската стратегија чија цел е контрола на стратешките енергетски ресурси која се врши преку партнерствата со балканските земји. Во тој контекст е и обидот за преземање на македонскиот енергетски гигант со цел монопол над пазарот со енергенси во земјата и ставање на земјата во положба на ексклузивна зависност од руската политика.

Примарните активности се насочени кон следење на политичко - безбедносните состојби во земјата но и продор во значајни државани институции. Имајќи ја предвид руската стратегија на Балканот за воена неутралност[1] на пред се православните земји, особен интерес претставува политиката на државата во насока на приклучување кон НАТО.

Со цел обезбедување на „симпатии" меѓу македонската јавност, руските дипломати водат политика на „сеславјанство" при што постојано се потенцираат традиционалните историски и верски врски и заедничка култура на македонскиот и рускиот народ.

Од аспект на руско-верското влијание присутно во Македонија се потенцира словенскиот идентитет и религија, при што руската дипломатија има јасно изразена панславјанска реторика, чија цел е операнционирализирање на т.н. „православен сојуз" меѓу Грција-Македонија и Србија.

Оттука, руското ДКП и почесните конзулати во Битола и Охрид претставуваат разузнавачки бази од каде што се спроведува политиката на РФ во РМакедонија.

[1] Иван Стоиљковиќ, претседател на ДПСМ иво својство на претседател на собраниска комисија за соработка меѓу РФ и РМ во јуни 2016 година беше еден од потписниците на Путиновата Декларацијата за формирање на неутрална воена територија на Балканот", заедно со владеачките партии на РСрбија, Црна Гора и БиХ

[redacted]

[redacted]

Разузнавачката активност е еден од широко користените методи чии носители се вградуваат во

- Дипломатско конзуларните мисии
- Информациските агенции
- Научните институции
- Економските институции и облици на соработка
- НВО и др.

Имајќи предвид дека дипломатско конзуларните претставници согласно својот мандат имаат објективна можност за прибирање на разни информации, истите се во секојдневен контакт со лица од различна провиниенција:

- парламентарниот живот на државата,
- министерства
- информативните домашни и странски агенции,
- стопанството,
- дипломатските и други меѓународни мисии во земјата домаќин,
- НВО,
- политичките партии,
- културно уметничкиот живот,
- верските заедници

од каде прибираат, обработуваат, анализираат и дистрибуираат информации кои се користат од страна на матичната држава од која се акредитирани.

Ваквата изразено разузнавачка активност е резултат на **кадровската екипираност** на амбасадата, со **проверени, искусни кадри** кои најчесто обавувале дипломатска должност во некои од соседните земји и се одлични познавачи на состојбите во земјава и регионот.

Разузнавачките и субверзивно пропагандните активности и интерес во најголем дел се спроведуваат преку **политичкиот, военот и безбедносниот оддел** во амбасадата од каде се издиференцирани **тројца** припадници на **СВР** и **четворица** припадници на руската воено разузнавачка служба **ГРУ, чии активности се координирани од центарот на СВР во Белград, Србија и центарот на ГРУ во Софија, Бугарија.**

Кадровската екипираност е зајакната и со постојано присуство на претставник на новинската агенција „ТАСС“ за кои во изминатите години постоеа индиции дека се занимаваат со разузнавачка активност и со претставник на



[redacted]

[redacted]

**Федералната (владина) агенција „Росотрудничество"** во земјава, кој иако не е од редот на професионалниот кадар на **Руското МНР**, во Амбасадата на РФ **ужива дипломатски статус** како **Прв Секретар**

Ваквата екипираност има за цел создавање на **силен разузнавачко информативен пункт** и продор во политичко-безбедносните средини на државата.

**Политичкиот оддел** во кој што се издиференцирани припадници на СВР ја има улогата на ноститeл на пропагадната активност во државата што изминативе години резултираше со организирано, финансиски поддржано отворање на многубројни македоснко руски здруженија, а во текот на изминатата година отврање и на „Рускиот центар-Скопје„.

Ваквите пропагандни активности претставуваат организиран и систематски обид за обликување на ставовите, уверувањата и емоциите на македонските граѓани со цел обезбедување наклонетост на јавноста кон политиката на РФ. Македонско-руските асоцијации од друга страна претставуваат и погодна основа за селектирање на агентурни позиции кои би работеле/работат во корист на руските служби.

Припадниците на **воената служба ГРУ**, акредитирани во руското ДКП, во текот на изминатите години преземаа активности за разузнавачки продор во воено-безбедносните структури, МО и АРМ, кој од страна на УБК[2] беа успешно попречени. Фокус на интерес на руската воена служба се НАТО интеграциите, воената соработка и комуникацискиот систем РМ-НАТО.

Припадниците на ГРУ и нивната соработка со руската организација **ФССБ[3],** извршија обид за креирање на паралелени безбедносни структури во земјава од редот на поранешни и сегашни припадници на МВР, МО и АРМ.

Според сознанијата**, ФССБ во** РМ делува преку **врбување** на наши државјани /поддржувачи на нивната кауза/ и нивно **инструирање** за извршување на конкретни **задачи** кои треба да ги реализираат на територијата на РМ како:

---

[2] Во соработка со Воената служба за безбедност и разузнавање на РМакедонија

[3] **ФССБ -** Меѓурегионален Јавен Фонд за Промовирање (унапредување) во Стратешката Безбедност /со седиште во Москва, РФ/ е организација која е **формирана** /1998 година/ од **припадници на поранешната руска КГБ**, во која моментално членуваат **поранешни и сегашни припадници на ФСБ** (федерална служба за безбедност). Истата **остварува контакти** со слични безбедносно-разузнавачки структури во Р.Федерација, како што се разунавачките служби **ФСБ и ГРУ.**

- **регрутирање поранешни и сегашни припадници на безбедносните структури на РМ** /МВР и АРМ/, особено од редовите на специјалните единици;
- прибирање **безбедносно-индикативни сознанија** за **актуелната политичко-безбедносна** состојба во земјава;
- воспоставување **мрежа од лица** кои се патриотски настроени /јатаци;

За одбележување се сознанијата дека **дел од активностите** на руската ФССБ во нашата земја **се спроведуваат преку РСрбија** и **српски државјани** кои се дел од истата.

**Од безбедносен аспект**, субверзивните обиди на руската организација „ФССБ" за врбување на припадници на безбедносните структури во земјава, укажуваат на намери за **создавање критична маса на воено обучени лица**, што се оценува како **сериозен ризик по безбедноста на државата** поради можноста во даден политички момент или ситуација да се искористат за **остварување на руските интереси**.

**Безбедносниот оддел** составен од припадници на цивилната служба (СВР), разузнавачкото делување го врши преку широка примена на легалниот метод за прибирање на податоци од лица вработени на значајни раководни позиции во државни институции, фирми и медиуми.

Кај дел од овие контакти регистрирана е разузнавачка компонента и спроведување и **класичниот метод на разузнавачко делување** (од страна на УБК иселектирани се лица), како и примена на **методите на разузнавачко-пропагандно делување** преку организирано пласирање на информации и дезинформации.

Врз основа на анализата на сознанијата евидентно е дека руските дипломати за кои постојат индиции дека се занимаваат со разунавачка дејност во својот настап се **продорни**, исклучително **комуникативни** и **селективни**.

Во контактите со „нивните извори" се исклучително **претпазливи**/ менуваат локација во последен момент, откажуваат средби, не користат мобилни телефони/ и **конспиративни** /користат легенди, лозинки, а за таа цел инструираат и обучуваат.

Во текот на изминатите години беа регистрирани и попречени активности насочени кон остварување разузнавачки продор во значајни државни органи во РМ /МНР и ДКП, Собрание, а регистриран е и особен интерес за Кабинетот на Претседателот на државата.

Анализата на расположливите сознанија воочи „поделеност" во безбедносниот оддел на Амбасадата, на разузнавачи чии активности се насочени само кон албанскиот политички кампус и разузнавачи

задолжени за македонскиот кампус, што укажува на особениот руски интерес за следење но и обиди за обезбедување продор во овие средини кои имаат потенцијал за креирање на идни политики на државата.

Особено значајни се контактките со поедини македонски и албански медиуми и портали. Во неколку наврати постоеа обиди да се влијае врз уредувачката политика на истите, за што се ветуваше и финансиски надомест. Ваквиот офанзивен интерес на руската служба за пенетрацијата во **македонскиот информациски простор** укажува на вниманието кое се посветува на ова моќно средство за ширење пропаганда чија цел е креирање на јавно мислење во корист на исправноста на политиките на РФ.

Верското влијание на РФ е битен сегмент од руската стратегија меѓу балканските православни земји, вклучително и во РМакедонија.

**Руската Православна Црква** на суптилен начин се користи како **„моќен инструмент“** за вршење верско влијание во земјава и се **наметнува како „заштитник на православието“** при тоа повикувајќи се на заедничкиот словенски идентитет, историја и религија.

Оваа стратегијата резултираше со **осветување на руски верски симболи** /крстови/ и **градење на цркви во руски стил,** со физички карактеристики препознатливи за руските традиционални градби:

- **крст во Битола** изграден 2002 г во чест на рускиот конзул Александар Аркадијевич Ростковски
- осветувањето на мермерниот крст **во с.Лешок**, Тетово во 2016 г во спомен на 35 руски монаси од манастирот Валаам, кои живееле и служеле во Македонија во првата половина од минатиот век.
- **црковен храм** кој се гради во **близина на Бигорскиот манастир кај Дебар**, посветен на познатиот руски светител Свети Серафим Саровски[4],
- **руската црква во Маврово**, посветена на Пресвета Богородица
- најновиот проект изградба на храм **под киторство на рускиот бизнисмен** [redacted] во н. Аеродром во Скопје кој ќе го носи името **„Света Троица“** идентично на името што го носи познатата руска црква во Белград /подигната во 1924 година за руси кои по Октомвриската револуција избегале од комунистите во Русија/.

[4] Храмот на Свети Серафим Саровски е во непосредна близина на Бигорскиот манастир и е првиот изграден храм во руски стил во нашата земја чија изградба започна во 2008 година. Неговиот покрив е украсен со позлатен лим изграден во облик на ромбовидна крлушла за што била ангажирана група стручни работници од славната Киевско-печарска лавра од Киев, Украина.

[redacted]

- Руски црковен комплекс „Сретение господово" во Скопје

Воедно, преку **континуираното следење на спорот меѓу МПЦ и СПЦ**, Руската Православна Црква во континуитет неколку години наназад **се наметнува** како **медијатор** /посредник/ во решавање на црковниот спор меѓу македонската и српската црква.

Сепак, одредени руски дипломати остваруваат контакти и со претставници од [redacted] што укажува на можност дека РПЦ само **формално покажува „интерес"** да посредува во решавање на спорот МПЦ- ОА – СПЦ, а **всушност ги застапува интересите на Српската Православна Црква.**

**Аналитичка оценка**

Анализата на сознанијата и следењето на политиката на РФ во поширок контекст, укажува дека зголеменото руско присуство во РМакедонија е во рамки на нејзиниот примарен интерес за враќање на нејзината улога на Балканот, пред се меѓу православните земји, во насока на одржување баланс на доминацијата на НАТО во регионот.

Поаѓајќи од овој факт зголемената разузнавачка и субверзивно пропагандна активност на РФ ***засега може да се подели во неколку фази***, преку кои се воочува суптилната а во последниот период и агресивна пенетрацијата на руската политика во земјата, преку активности на руското МНР и ДКП.

1. **Пропаганден продор**

Со воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу РФ и РМ во 1994 година се започна со активности за формирање на „Друштва за македонско-руско пријателство" во повеќе градови во Државата. Истите во изминатиов период по инструкции на Амбасадата се обединија во Сојуз на руски друштва (денеска се регистрирани околу 30-тина), со што истите добија организирана и координирана форма на дејствување.

Активностите на овие друштва/асоцијации беа/се организирани и финансирани од страна на ДКП и руски фонадции и истите се интензивираа по 2008 година, кога РМакедонија не доби покана за членство во НАТО.

Иако постоењето на ваков Сојуз на друштва не претставува опасност за македонскиот идентитет и суверенитет, нивните заложби за создавање на еден „Балкански сојуз на пријателство на рускиот народ" преку обединување на друштвата во Црна Гора, Србија, Република Српска, Бугарија и Македонија, укажува на можност од регионално координирање и застапување на руските ставови и политика во однос на православните земји.

[redacted]

Ваквата политика кореспондира со панславјанската реторика на високи државни функционери на РФ и претставува добра основа за создавање на критична маса на поддржувачи во спроведување на идејата за воена неутралност на словенските балканските земји.

**2. Медиумски продор**

Отварањето на канцеларијата на тогашен „ИТАР ТАСС" сега „ТАСС" во 2002 година и акредитирањто на новинар со дипломатски статус во рамките на Амбасадата, укажуваа на значењето кое РФ го посветува на медиумите како моќна алатка за креирање на јавното мислење.

Изминативе петнаесетина години претставниците на „ТАСС" под легенда на новинарство превземаа разузнавачки активности и создадоа своја информативна мрежа со цел влијаење во поедини новинарски куќи (печатени и електронски) и презентирање на однапред креирани текстови.

Покрај присуството на агенцијата „ТАСС", и рускиот портал „Руска Реч" /дел од проектот **„Russia beyond the headlines", финансиран и уредуван** директно од рускиот дневен весник „Русијскаја Газета", формиран 2007 год. и е официјален весник на Владата на Руската Федерација/ објавува статии и на македонски јазик, со цел **запознавање на македонските читатели** со особеностите на Русија, политичките и економските случувања, животот на руските граѓани, традицијата, обичаите и културата на рускиот народ (за кои странските, а особено западните медиуми наводно не информирале објективно и не ја давале вистинската слика за Русија).

Регистрираните активности на разузнавачкиот дел на амбасадата и нивните директни контакти со претставници на медиумите од албанскиот и македонскиот кампус, укажува на важноста на медиумскиот простор за пласирање на информации/дезинформации и шпекулации во корист на Русија. Во овој правец се забележува координираноста на објавувањето на написи, анализи и проценки со активностите на руското ДКП и руското МНР.

Во овој контекст е престојот на црногорски државјани во РМакедонија, претставници на „Референдумскиот караван", организиран од страна на ГРУ и остварените контакти со претставници на политичка партија на Србите во Македонија и уредници на одредени македонски портали, што укажува на можност од однапред планирани активности РМакедонија со поддршка на медиумот да се инволвира во анти НАТО кампања.

Оттука, постои веројатност дека медиумите се користат за спроведување на поширок регионален притисок координиран од страна на руските служби за реализација на нејзините геостратешки интереси на Балканот.

[redacted]

3. **Разузнавачки продор**

**Резидентните претставници на СВР и ГРУ стационирани во руското ДКП во Скопје**, заради целосно покривање и комплексно следење на состојбите поврзани со политичко-безбедносните случувања во Македонија, остваруваа/т службени и лични контакти со вработени во МНР, МВР и МО и АРМ, академици, професори, новинари и лидери на политички партии, со цел навремено испраќање на разузнавачки информации во централите на СВР и ГРУ во Москва и руското МНР.

Ваквите контакти создадоа услови за продор во сегменти на општествено-безбедносниот и политичкиот систем во земјата како и настап насочен кон домашни и странски НВО и меѓународни организации (ОБСЕ и ЕУ) во земјава.

Поддршката која разузнавачкиот фактор ја дава во ширењето на пропагандните активности преку нивната инволвираност во инструирањето на работата на Здруженијата и обидите за влијание на медиумскиот простор, укажува дека РМакедонија претставува зона на руско стратешки безбедносен интерес со намери за долгорочно позиционирање во Државата.

Ваквите разузнавачки и субверзивни активности иако не се јавно експонирани може да се оценат како директно мешање во внатрешните работи на државата, на патот кон нејзините Евроатлански интегративни процеси.

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**
**Директорат за билатерални односи со воневропски држави**

Дов. бр. 21 - [redacted]
Датум: 12.04.2017
Вк. страници: 2

**Б Е Л Е Ш К А**
**од работниот ручек на директорот Ненад Колев со Олег Шчербак, амбасадор на РФ, Скопје, 7 април 2017**

**Главни акценти:**
**-РФ е подготвена да оди во соработката со РМ во онаа насока и онолку длабоко колку е подготвена самата РМ, но РМ треба конечно да каже што, како, колку и кога сака со РФ.**
**-РФ не може во недоглед да биде попромакедонска од самите Македонци. ВРМ треба да биде погласна и подиректна во поддршката на руската реторика во врска со политичката криза во РМ.**
**-РМ да не смета на економска, стопанска, бизнис, културна, образовна или било каква друга соработка со РФ без соодветна политичка соработка.**
**-РМ „ѝ заби нож во грб„ на РФ на Конгресот на ЕПП во Малта со тоа што ја поддржа резолуцијата против РФ.**

Ручекот овој пат на наша иницијатива, како продолжение на редовните работни средби со претставници на Амбасадата на РФ (присутен и број 2, Константин Берсенев).

__Шчербак:__
-На Москва ѝ пречи што во контекст на политичката криза во РМ, поддршката што РФ ја дава преку соопштенија и настапи во меѓународните организации не е возвратена од ВРМ. ВРМ молчи, не се произнесува по руските ставови кои во целост ја поддржуваат РМ, а молчат и македонските амбасадори низ светот. Русите нема уште долго да бидат поголеми Македонци од Македонците и да ги заштитуваат. Потребна е, за возврат, соодветна реторика и од ВРМ и македонската дипломатија.
-РФ ќе преживее без РМ, но не и обратно, не само во смисла на политичка поддршка, туку и економска соработка, на пр, извоз на земјоделски производи, кои ако не ги извезе во Русија, РМ нема кому да ги продаде.
-Силна критика на странското мешање во внатрешните работи на РМ и на Тиранската платформа.
-Потребно е двете земји да продолжат со конкретни активности барем на работно ниво, за да не се изгуби она што веќе е стекнато и постигнато во билатералната соработка, додека трае овој вакуум. На македонска страна нема Влада и затоа нема шанси за посети на МНР Лавров или ЗМНР Мешков на РМ, но има и простор и потреба за: а) политички консултации на ниво на политички директори, б) потпишување, макар и од страна на Амбасадорите, на договорите (6) кои се веќе подготвени, в) средба на Секретарите на Меѓувладината комисија за економска соработка.
-РМ да биде претставена на министерско ниво на бизнис форумот во Ст. Петерсбург, 1-3 јуни 2017.
-РМ да работи на безвизен режим со РФ, Србија тоа го стори, порано и Хрватска, и тоа не го попречи нивниот европски пат.
-Деновите на МК и руска култура во двете земји најверојатно нема да бидат одржани ако најбрзо што може не се потпишат Програмата за 2017-2021 и Договорот.
-Москва е многу лута што македонската делегација на Малта гласала ЗА резолуцијата на ЕПП, која е антируска како никогаш досега.

-ЕУ и НАТО се „шакали„, работат против РМ, а посебно против Македонците. Тие нема да ја решат кризата, ниту да ја спречат Голема Албанија, ниту ќе дадат гаранции за територијалниот интегритет на земјата. Напротив, разнебитувањето на РМ и уништувањето на Македонците е нивниот краен интерес.

-РФ води глобална политика, нејзините соопштенија за РМ не се ексклузивни, туку се во контекст на позициите на Русите и спрема други такви светски жаришта.

-за прв пат, во јасна и недвосмислена форма, ја потенцираше веќе постојната (од пред најмалку 6 месеци) идеја на Москва за менување на нејзиниот надворешно-политички курс спрема Балканот во насока на создавање на појас на воено неутрални земји (ЦГ, БИХ, РМ, Србија), т.н. Б4 иницијатива. Според Москва, така ќе се заштедат и големи пари, РМ нема да мора да плаќа 2% од БДП за НАТО.

-Од економска гледна точка, РМ да поднесе барање за членство и во Евроазиската економска унија (РФ, Беларус, Казахстан, Ерменија, Киргистан). Тоа не е во спротивност со патот кон ЕУ, оти во блиска иднина ќе дојде до економска интеграција на овие два големи економски простора.

-РМ да не гледа само во ЕУ и НАТО, но да ги диверзифицира контактите на сите нивоа и спрема РФ, Кина, Индија, Бразил, Јапонија итн.

-Москва од РМ бара искрен и отворен дијалог, без лажење и залажување, дури и кога не сме на нивна страна.

**Заклучни согледувања:**

Разговорот отворен, директен, како никогаш до сега. Руските ставови конзистентни, на линија на она што го говорат веќе 2 години, но овој пат со малку повеќе драматика и индиректни алузии. Москва е фрустрирана од фактот што од наша страна нема никаков одговор на нивната поддршка за кризата, на нивните предлози за натамошна соработка. Москва смета дека РМ не сака да биде перцепирана од Западот како преблиска со Русија поради ЕУ и НАТО и ни префрла за неискреност, која ни ја зема за голем минус. Русите отворено не кажуваат, но доволни се и индиректните кажувања за да сфатиме дека ако не ја подигнеме соработката со нив, може да проблематизираат многу прашања кои сме ги сметале за затворени (името, поддршката за МК јазик и посебност, МК извоз во РФ, блага поддршка за нас во спорот МПЦ-РПЦ, но и други, помали). Се чувствува дека нѐ толерираат само затоа што до сега немаме воведено санкции против нив, тоа е единствено што реално им значи.

И/К/О: Н. Колев [redacted]

**Доставено:** Кабинет МНР, Кабинет ЗМНР, Архива, Амбасада Москва.

[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**ОДДЕЛ ЗА АНАЛИЗА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

[redacted]
Скопје

[redacted]

**До:** [redacted]

**Предмет:** Сознанија за Иван Стоилковиќ, македонски државјанин, пресек, доставува.-

[redacted]

[redacted]

Доставено до:
1. Оддел за КР (примерок бр. 1 )
2. Оддел за АИ (примерок бр. 2 )



[redacted]

[redacted]

**Вид на материјалот:** Пресек

**Предмет:** Сознанија за Иван Стоилковиќ, македонски државјанин

**Извори:** затворени

**Иван** Добросав **Стоилковиќ**[1], актуелен **претседател на Демократската партија на Србите** во РМакедонија, **пратеник во македонското Собрание** и **претседател на собраниската комисија за соработка со Руската Федерација.**

Во почетокот на 90-тите години од минатиот век манифестирал пројугословенска ориентација која поодоцна се трансформирала во силна националистичка агенда во функција на српските интереси во земјава[2].

Од почетокот на 2001 година во континуитет се добиваат сознанија за негови **контакти со српски дипломати акредитирани во земјава, со припадници на српската разузнавачка служба и лица од политичкиот и државен врв на РСрбија[3].**

Неговите активности во земјава се одвиваат по инструкции и во постојана **кооординација со функционери од кабинетот на поранешниот и актуелниот српски претседател Тадиќ и Николиќ, владини претставници /од политички партии, министерства, најчесто МНР и Министерството за дијаспора, и БИА**. Како лице од доверба тој и неговата партија од српска страна се посочуваат и фаворизираат како обединувачки фактор на српските асоцијации и нивните активности во земјава.

[redacted] *во 2009 година изјавил дека со цел освојување пратенички мандат на парламентарните избори во земјава за кампањата на Стоилковиќ биле дадени околу 5000 евра .*

*Во јуни 2009 год. од страна на Министерството за дијаспора на Стоилковиќ му е доделена златна значка која се доделува за исклучителни заложби на Срби*

---

[1] Роден 15.02.1962 година во Куманово, Србин, македонски државјанин, по професија правник, со адреса на живеење на ул„Октомвриска Револуција" бр.15 а/1/3, Куманово.

[2] За време СФРЈ бил претседател на ССМ во Куманово и член на СКМ. По распадот е член на партија со пројугословенска ориентација и **противник на одржувањето референдум за самостојност на РМ во 1991**. Заради повикување на населението за бојкот на референдумот, уништување плакати и ширење дезинформации му била поднесена кривична пријава. Како експонент на политиката на Слободан Милошевиќ, не се согласувал со определбата на новата власт во Србија за зближување кон западните земји и САД. Го критикувал српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ и неговиот заменик Небојша Човиќ. **Ја протежирал опцијата на претседателот Коштуница.**

[3] Прилог бр.1 – Список на лица со кои Стоилковиќ контактирал



[redacted]

[redacted]

*надвор од РСрбија. Во 2010 година Стоилковиќ бил избран за делегат на Собранието за дијаспора на Србите во регионот.*

За разлика од српските авторитети, во српските средини во земјава Стоилковиќ не ужива голем авторитет, неговата политичка и пратеничка фукција се претставуваат како резултат на поддршката од српската амбасада. Се посочува како лице кое предизвикало раздор во српските средини и партијата, поради што извесен период е проверуван и од БИА и српските дипломати.

На **субверзивно-пропаганден план** Стоилковиќ:

- **ги користи српските медиуми за актуелизирање на наводната обесправеност на Србите во РМ** /ја застапува тезата за организиран настап на српското население во земјава преку партиски или граѓански асоцијации, со цел реализација на гаранциите во Рамковниот договор за образование на мајчин јазик, емисии на српски јазик во локалните медиуми, обезбедување пратенички места во Собранието и сл.

- **организира и поддржува манифестации од српски карактер во земјава со цел докажување на историското српско присуство на овие простори** */одбележување на историски настани и личности од српската историја во земјава, редовно е присутен на сите манифестации/приеми во организација на српската амбасада*

- **за време НАТО нападите на СРЈ** учествувал во **настани за поддршка на српската политика во регионов** */протестот пред американската амбасада во Скопје, се ангажирал околу обезбедување бесплатна правна помош за приведените лица /* и **акции за помош на српското население** во тој период

*Во 2001 год. ја издал книгата „Зошто му се суди на НАТО", за која податоците ги обезбедил од лица од српската војска и министерство за внатрешни работи.*

- Во 2005 година е **предводник на акцијата за собирање потписи меѓу српското население во земјава за ослободување на** [redacted] **од издржување затворска казна**

- Во февруари 2008 во организација на ДПСМ е **протестот организиран во Куманово против независноста на Косово**, на кој било истакнато дека Србите во РМ ќе ги искористат сите демократски средства Косово да не биде признато од македонска страна

*По признавањето на независноста на Косово од страна на РМ во српската амбасада била одржана средба со лица од раководствата на српските здруженија и Стоилковиќ како претседател на ДПСМ, со цел организирано изразување револт против признавањето, во координација со МНР на РСрбија.*

[redacted]

На **информативно-разузнавачки план**:

- За српските дипломати во земјава **обезбедува информации** по претходно дадени задачи од нивна страна. Од српските дипломати добива и сугестии за неговите активности во земјава. Инструкции за делување добива и од лица со кои се среќава во РСрбија

*За време НАТО нападите на СРЈ контактирал со претставници на владеачката структура на СРЈ, меѓу кои и со ген.Небојша Павковиќ, и доставувал податоци од разузнавачки карактер во амбасадата на СРЈ во РМ*

- Во последниов двегодишен период **редовно комуницира со Горан Живаљевиќ**, офицер за врска во српската амбасада, припадник на БИА /комуникацијата е интензивна во моменти на значајни политички и безбедносни настани во земјава.

Истите имаат однапред **договорени локации за средба**. Дел од контактите со српскиот разузнавач се остваруваат **и во Белград**, каде Стоилковиќ има средби и со лица блиски на Живаљевиќ.

Во одредени итни случаи, Стоиљковиќ телефонски му **дава конкретни податоци** на разузнавачот на БИА.
За одредени политички активности Живаљевиќ е брифиран **и пред да бидат дадени официјалните соопштенија во земјава.** Пратеникот во македонското Собрание доставува **податоци и за договорите и идните активности на коалицијата во која тој партиципира.**

Во неколку наврати се констатирани телефонски и непосредни средби на пратеникот со разузнавачот **при донесувањето важни одлуки во Собранието или пред состаноци во Владата на РМакедонија.** Не се исклучува можноста истиот при превземањето на одредени политички потези и донесувањето одлуки да делува според насоки дадени од страна на Живаљевиќ и српската разузнавачка служба.

По инструкции на српскиот разузнавач, Стоилковиќ реагира и за одредени содржини објавени во македонски медиуми, како и врз новинари во земјава, со цел **влијание врз домашното јавно мислење.**

- **Од 2013 година се добиваат сознанија за контакти на Стоилковиќ со руски дипломати во РМ** [4], кои се толкуваат во рамки на руската агенда за зголемување на руското влијание на Балканот и попречување на влезот на поедини земји од регионот во НАТО и ЕУ.

---

[4] [redacted] заминал од должност кон крајот на 2015 година, [redacted] поранешниот [redacted] поранешниот и актуелниот дописник на руската новинска агенција „ТАСС" од [redacted] На 31.08.2016 год. Стоилковиќ присуствувал на свеченото отворање на новите простории на рускиот конзулат во Битола.

[redacted]

Регистрирани се негови ставови кои укажуваат на **наклонетост кон интересите и целите на руската надворешна политика спрема Балканот.**

*Политичката состојба во земјава Стоилковиќ ја оценил како резултат на политиката за членство во НАТО, наместо насочување кон РФ. Политичката криза во РЦрна Гора ја посочил како последица на делувањето на РФ преку РСрбија, по добиената покана за членство во НАТО Алијансата.*

Стоилковиќ, во јуни 2016 година во Москва, во својство на претседател на ДПСМ, се **потпишал** на **"Декларацијата за формирање на неутрална воена територија на Балканот"**, заедно со партијата **на рускиот Претседател**, "Единствена Русија" и неколку партии кои се на власт или коалицираат со владеачките партии во РСрбија, Црна Гора и БИХ /*чин кој според рускиот дипломат Константин Берсењев предизвикал вознемиреност кај Албанците и албанската амбасада во земјава, но и кај „Американците"*

- На **21.02.2017** година Стоиљковиќ, во седиштето на ДПСМ остварил **средба со** црногорски политичари, **организатори на т.н.„Референдумски караван"**, кои во периодот 20.02.-03.03.2017 год. требало да посетат девет држави, со крајна дестинација Брисел, Белгија.

Целта на патувањето била да се искаже незадоволство од започнатите активности на црногорската Влада и меѓународниот фактор за членство на РЦрна Гора во НАТО. Нивната идеја била **организирање референдум во Црна Гора на кој граѓаните би се изјасниле во врска со идно членство на земјата во Алијансата.**

*Предводник на групата бил **Марко Милачиќ од Подгорица**, член на НВО „Движење за неутралност на Црна Гора", кој пред започнувањето на овој проект имал **контакти со руски дипломат акредитиран во Подгорица, припадник на руската воено-разузнавачка служба.***

*На средбата на која била разгледувана политичката состојба во двете земји и НАТО интеграцијата, **Стоилковиќ истакнал дека власта мора да се принуди да ја почитува волјата на народот.***

**Аналитичка оценка:**

Активностите кои Стоилковиќ ги презема, ставовите кои ги застапува и категоријата лица со кои во континуитет контактира јасно ги истакнуваат неговите определби за спроведување на српските интереси во земјава, претставувајќи ги како гаранција за остварување на правата на српската заедница во РМакедонија.

Станува збор за лице за кое може да се каже дека никогаш не го прифатил осамостојувањето на РМакедонија и редефинирањето на односите со соседна

[redacted]

Србија. Неговите постапки го претставуваат како личност која емотивно и национално е секогаш понаклонета кон Србија и во функција и заштита на нејзините интереси.

Во тој контекст треба да се разгледуваат контактите со владини претставници од Србија кои во континуитет ги информира /без воздржување и кога станува збор за податоци од државен интерес за РМакедонија /и од кои добива инструкции за понатамошна работа.

Ако се земат предвид и сознанијата дека истиот не е засегнат од фактот што неговиот ангажман во земјава е предмет на критики кај поголемиот дел српски активисти, точно може да се оцени дека негова цел е одржување добри релации и присуство кај српските власти што пак го дефинира како пресметлива личност која е свесна за своето делување на субверзивно-пропаганден и разузнавачки план.

Сознанијата кои последниве години се добиваат за негови контакти со руски дипломати во земјава и активностите кои ги презема во тие рамки недвосмислено ја потврдуваат неговата политичка и национална ориентација за силно руско влијание на Балканот, со цел отстранување на западните влијанија, а со тоа и откажување од евроатланските интеграции.

Цениме дека Иван Стоилковиќ и во иднина ќе продолжи да делува на иста линија како и досега, без разлика дали ќе биде дел од власта или од опозицијата. Затоа сметаме дека е неопходен засилен оперативен увид врз неговите активности и комуникации, дотолку повеќе што расположливите сознанија укажуваат дека станува збор за лице од доверба кај српските и руските политички и разузнавачки структури, кои ќе го имаат предвид и во нивните идни планови и евентуални активности во земјава.

[redacted]

**Список на лица со кои контактирал Стоилковиќ**

- **Актуелни српски дипломати во РМ**

[redacted]

[redacted]

**Горан Живаљевиќ,** актуелен офицер за врска, припадник на БИА

- **Поранешни српски дипломати во РМ**

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

- **Лица од политичкиот и државен врв на РСрбија**

[redacted]

[redacted]

➢ **Лица активни во српските асоцијации во земјава**

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted] претставник на српските интелектуалци во Куманово

[redacted] градоначалник на општина [redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted] од Куманово, [redacted] год. */син на поранешниот градоначалник на Куманово,* [redacted] деловен партнер на Стоилковиќ, сосопственик на [redacted] */блискоста е уште од школските денови, а за довербата сведочи нивното долгогодишно деловно партнерство*

[redacted] во Куманово, стоматолог, близок со Стоилковиќ од школските денови и куќен пријател. Споменатато лице како припадник на партија со нагласена пројугословенска ориентација бил еден од ретките кој ги продолжил контактите со Стоилковиќ кој од споменатата структура бил етикетиран како шпион. Меѓу нив има пријателство од околу 25 години и идејна блискост во политичките ставови

[redacted] сосопственик на слаткарница [redacted] свратувалиште на Стоилковиќ. Пријателска врска, лице од криминалните кругови во градот. Од [redacted] има поддршка поради идејната блискост

[redacted] год., сопственик на кафе бар во Куманово, вклучен во криминалните кругови, пријателска врска, со контакти и на деловен план. Иако [redacted] е вклучен во партија која идејно е дијаметрално спротивна од заложбите и идеите на Стоилковиќ, истиот идеолошки му е близок по линија на „православно“ поврзување на македонскиот и српскиот народ. Стоилковиќ главно го користи лицето за следење на одредени меѓупартиски релации во Куманово

[redacted]



[redacted]

[redacted]

[redacted] Стоилковиќ од него прибира сознанија за актуелни политички збиднувања и релации во РМ. Покрај идеолошката блискост истиот е во кумска врска со семејството на Стоилковиќ

[redacted] Долгогодишна пријателска врска која му доставува безбедносно интересни сознанија од липковскиот регион и негов идеолошки истомисленик. Лицето покажува голем степен на приврзаност и лојалност кон Стоилковиќ

[redacted] блиска пријателска врска од детството, истомисленик, Србин, со кого разменува мислења за актуелната политичка состојба

Група од 5-6 лица пријателски **врски** [redacted] Ова приближување кон пријателите на [redacted] не е случајно од причина што овој круг од 5-6 лица бил вклучен во раководните структури на локалните ограноци на 4 политички партии од РМ од кој двајца биле советници во Општинскиот совет на Куманово, а еден бил поранешен градоначалник на општина Старо Нагоричане

[redacted] часовничар во [redacted] негов истомисленик

[redacted]

Стоилковиќ своевремено одржувал контакти со интелектуалци наклонети конројугословенската опција: проф [redacted]

Стоилковиќ главно контактира со проверени и долгогодишни пријателски и роднински врски, со кои има изградено односи на взаемно почитување и доверба. Истите ги користи за прибирање безбедносно интересни сознанија за политички состојби во Куманово и РМ, додека максимално е конспиративен и затворен во врска со своите активности или престои во РСрбија.

- **Останати лица од интерес за УБК**

[redacted] год. во РБугарија, [redacted]



[redacted]

[redacted]

[redacted] р.[redacted] год. во Куманово, градоначалник на [redacted]

[redacted] р.[redacted] год. во Виница, живее во Штип, поранешен раководител на [redacted]

[redacted] р.[redacted] год. во Артем, Приморски, [redacted]

[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**ОДДЕЛ ЗА АНАЛИЗА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

[redacted]

[redacted]

**До:** [redacted]

**Предмет:** Активности на Горан Живаљевиќ, припадник на БИА, офицер за врска со УБК и АР во српската амбасада во РМакедонија, аналитичка информација, доставува.-

[redacted]

Доставено до:

1. Оддел за КР (примерок бр. 1 )
2. Оддел за АИ (примерок бр. 2 )



[redacted]

[redacted]

**Предмет:** Активности на Горан Живаљевиќ, припадник на БИА, офицер за врска со УБК и АР во српската амбасада во РМакедонија

Сознанијата добиени во текот на март и април месец 2017 година потврдуваат дека субверзивно-пропагандното делување на Живаљевиќ подолг период е во правец на влијание за влошување на политичко-безбедносната состојба во Р Македонија.

За реализација на своите цели Живаљевиќ ја користи оперативната мрежа со која располага и која во најголемиот дел е од редот на лица кои имаат значително влијание врз политичкиот, безбедносниот и деловниот естаблишмент на РМакедонија.

Во тој контекст се и контактите со Иван Стоилковиќ, актуелен пратеник во Собранието на Р Македонија и лидер на политичка партија, за кого со сигурност може да се потврди дека на Живаљевиќ во континуитет му доставува податоци за своите политички ангажмани и делување, а добива и конкретни насоки и инструкции за активностите кои треба да ги преземе со цел дестабилизација на Р Македонија.

Со почетокот на политичката криза во државата, бројот на средби помеѓу разузнавачот на БИА и пратеникот е зголемен, а зголемени се и ангажманите на Стоилковиќ за делување по налог на БИА.

*Со посредство на Живаљевиќ и Стоилковиќ во март 2017 година во Р Македонија „наменски" е доведен новинарот, воено-политички аналитичар и пратеник во Собранието на Р Србија од редовите на владеачката СНС, Мирослав Лазански, со цел субверзивно-пропагандно делување преку медиумите на РСрбија, што подоцна е и реализирано.*

Заради добивање на релевантни разузнавачки податоци за политичко-безбедносната состојба во Р Македонија, но и влијание врз истата, Горан Живаљевиќ во изминатиот период реализирал контакти и со [redacted]

Внимание заслужуваат и неговите релации со лицето [redacted] долгогодишен соработник на разузнавачот, со чие посредство тој воспоставува и одржува контакти со лица од Р Македонија преку кои се обидува да ги оствари задачите и целите на БИА. Преку [redacted] Живаљевиќ има воспоставено контакти со голем број припадници на МВР

[redacted]

на РМакедонија, од кои дел се и актуелни раководни работници во Министерството.

При тоа, евидентно е дека Горан Живаљевиќ се обидува непосредно и посредно да контролира дел од лицата кои можат да делуваат во правец на дестабилизација на политичко-безбедносната состојба во државата, што е особено изразено во периодите на зголемени тензии, нереди и немири во државата, како што беше при последните случувања во Собранието на Р Македонија на 27.04.2017 година.

Преку соодветна примена на посебната истражна мерка следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации, добиени се податоци за движењето на разузнавачот Живаљевиќ пред, за време и по настаните во Собранието на Р Македонија на 27.04.2017 година.

Имено, во периодот од 18,56 до 19,58 часот лицето е лоцирано во близина на студентскиот дом „Гоце Делчев" во Скопје, каде што се наоѓа неговиот дом, односно ресторанот „Форца", чиј чест посетител е Живаљевиќ, за да во периодот од 20,29 до 21,52 часот истиот биде лоциран во близина или внатре во Собранието на РМакедонија. Во 23,10 часот разузнавачот е лоциран во резиденцијалниот дел на населбата Водно, што укажува на можноста дека истиот бил во Амбасадата на РСрбија во Скопје.

Од фотографија снимена во текот на нередите во Собранието на РМакедонија во вечерните часови на 27.04.2017 година, со сигурност може да се потврди дека разузнавачот на БИА, Горан Живаљевиќ бил присутен во македонското Собрание.

***

Сознанијата се добиени од примената на посебната истражна мерка следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во постапка утврдена со закон, која врз основа на соодветна судска наредба повеќе од една година се применува врз разузнавачот.

Врз основа на добиените сознанија може да се заклучи дека разузнавачот на БИА, Горан Живаљевиќ во текот на своите активности во РМакедонија користи разузнавачки методи и средства кои не соодветствуваат на неговиот дипломатски статус како офицер за врска со УБК и АР во РМакедонија, со што се доведува во прашање легалноста и легитимноста на дејствијата кои истиот ги презема во РМакедонија.

[redacted]

Сд. бр. 36.4-/1 од 6.03.2017 година

**УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**ОДДЕЛ ЗА КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**
**СЕКТОР-БАЛКАН**
**Оперативен работник:** [redacted]

[redacted]

**Вид на материјал:**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Предмет на работа**: РС на Р Србија
ОА „Балкан"

**I. Извор:** „Балкан – С" – **А 1**

**II. Информацијата** е добиена на 3, 4 и 5.03.2017 година

**III. Предмет:** Податоци за утврдена комуникација помеѓу Горан Живаљевиќ, разузнавач на БИА, офицер за врска во Амбасадата на Р Србија во Р Македонија и Иван Стоилковиќ, пратеник во Собранието на Р Македонија.

**IV. Содржина:**

**1.** Според податоци добиени од изворот „Балкан – С" на 3, 4 и 5.03.2017 се реализирани седум меѓусебно поврзани разговори помеѓу Горан Живаљевиќ и Иван Стоилковиќ кои се интегрално наведени во овој службен материјал.

Првиот разговор е на 3.03.2017 година во 16,06 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Каде си Иван!
- И.С.: Еј, значи го сместив овој , го избрифирав за колумната таму која што треба да ја напише за политика сега. И затоа што ние одиме на протести, снимаме и кога ќе се седнеме некаде вечер ќе ти се јавам.
- Г.Ж.: Добро.



[redacted]

[redacted]

**Сд. бр. 36.4-/1 од 6.03.2017 година**

- И.С.: Затоа што сега немаше време, сега немаше ни ручек ни ништо.
- Г.Ж.: Добро, добро, да знам јас за да се организирам.
- И.С.: Еве сега само тоа да ти го кажам. Само да те прашам нешто.
- Г.Ж.: Кажи.
- И.С.: Затоа што тој ќе биде тука, нешто сега малку се шегувавме да го повикаме Орце да правиме некоја приказна или не? Или јас да повикам од овие некои мои... (нејасно)...?
- Г.Ж.: Не знам што да ти кажам... (псуе)... знаеш... Ајде кога ќе се видиме, дали ти е доцна кога ќе се видиме, па ќе се договориме.
- И.С.: Ајде сам јас, сам, добро, ајде важи, ајде.
- Г.Ж.: Важи, ајде чао.

Вториот разговор е на 4.03.2017 година во 11,43 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Е, Иван!
- И.С.: Да го однесеме ние на кафе во Куманово во центарот, имаме време 15 минути.
- Г.Ж.: Јас очекувам сега овој што ме праша дали сме слободни да ми јави, можеби ќе оди и кај Иванов.
- И.С.: Добро, готово, одиме, ајде.
- Г.Ж.: Знаеш, можно е да каже ајде, дојдете горе, па да се врати да облече одело.
- И.С.: Важи, ајде.
- Г.Ж.: Ајде.

Третиот разговор е на 4.03.2017 година во 18,37 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Ало.
- И.С.: Еј, значи јас во 20,45 ќе го соберам Лазански (?) од хотел и ќе го водам кај Груевски.
- Г.Ж.: А, добро... добро.
- И.С.: Така што, вие чекајте во хотелот кога ќе се вратиме.
- Г.Ж.: Важи, важи.
- И.С.: Ајде, поздрав.

Четвриот разговор е на 4.03.2017 година во 18,52 часот и е со следнава содржина:



[redacted]

[redacted]

**Сд. бр. 36.4-/1 од 6.03.2017 година**

- Г.Ж.: Види, јас мислам дека би требало, ако имаш можност... некаде... малку да обрнеш внимание дека овој и не е баш некој соговорник.
- И.С.: Добро, добро.
- Г.Ж.: Разбираш што ти велам?
- И.С.: Добро.
- Г.Ж.: Некаде малку да го подготвиш, дека тој не е злонамерен, ама не е нешто добро информиран.
- И.С.: Добро.
- Г.Ж.: И тоа да не го збуни малку... знаеш...
- И.С.: Добро, добро.
- Г.Ж.: Знаеш... малку превземи ја улогата на модератор... во подготовка на тој состанок... знаеш, поентата е да биде корисен (псуе).
- И.С.: Па меѓу другото затоа и го донесовме.
- Г.Ж.: Па знаеш... ама некаде речи му на човеков ако имаш прилика... речи, - види, тој не е злонамерен, ама е малку во некои... знаеш... тој не е ни подготвен нешто многу... колку успеавме ние два дена... (вулгарно)... знаеш...
- И.С.: Ајде.
- Г.Ж.: Ајде, важи, чао.

Петтиот разговор е на 4.03.2017 година во 20,25 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Еј, Иване!
- И.С.: Само едно прашање. Да влегувам јас или не?
- Г.Ж.: Влези, влези... влези.
- И.С.: Мислам дека е добро да влезам, заради ова за што разговаравме... затоа и ти се јавив.
- Г.Ж.: Да, да... влези, малку да канализираш, знаеш...
- И.С.: Добро. Готово.
- Г.Ж.: Ајде.

Шестиот разговор е на 4.03.2017 година во 22,31 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Каде си Иван?
- И.С.: Еве доаѓаме... до сега бевме ваму... зошто?



[redacted]

- Г.Ж.: Дали те барше некој, од некој... ова... дечко (во)... не те бараше?
- И.С.: Молам.
- Г.Ж.: Те бараше дечково? Не?
- И.С.: Не.
- Г.Ж.: Ајде, ништо... важи... Тука сме, чекаме.

Седмиот разговор е на 5.03.2017 година во 18,56 часот и е со следнава содржина:

- Г.Ж.: Кога почнува ова, во 19,30?
- И.С.: ДА! Се јави Лазански пред малку.
- Г.Ж.: Аха.
- И.С.: Вели дека текстот ги пробил сите рекорди на читаност во Србија.
- Г.Ж.: Одлично, одлично!
- И.С.: Се пофали многу и вели среќен е! „Јее... Иване, сите рекорди на читаност во Србија се пробиени", и тоа задоволен и среќен.
- Г.Ж.: Добро.
- И.С.: Вечер одам на РТС, изјавата што денес ја снимавме, оди на вести на РТС.
- Г.Ж.: Добро. Кога почнува оној?
- И.С.: Во 19,30.
- Г.Ж.: Во 19,30, има време.
- И.С.: Ајде другар, ајде.

**2.** Разговорите презентирани во овој службен материјал кои се однесуваат на интензивната комуникација помеѓу разузнавачот на БИА, Горан Живаљевиќ и пратеникот во Собранието на Р Македонија, Иван Стоилковиќ, повторно недвосмислено упатуваат дека разузнавачот директно ги насочува и контролира активностите на пратеникот, а преку него, посредно се обидува да влијае и врз политичката состојба во Р Македонија.

Од содржината на разговорите, меѓу другото може да се констатира дека и присуството на новинарот и аналитичар Мирослав Лазански во Р Македонија е организирано со помош на Горан Живаљевиќ, кој исто така оганизира со кого новинарот ќе контактира и врши негов briefing и debriefing.

**Сд. бр. 36.4-/1 од 6.03.2017 година**

Со оглед на тоа што самото присуство на Живаљевиќ на контактите и интервјуата на Лазански со значајни личности од македонската политика би било несоодветно, истиот таквите активности ги спроведува преку пратеникот Стоилковиќ кој, како што повторно може да се забележи од комуникацијата, сите свои дејствија ги превзема по претходни консултации со разузнавачот.

Треба да се одбележи дека во времето на престојот на Лазански во Скопје, од комуникација на лицето [redacted] (соработник на Горан Живаљевиќ) со негов пријател, е потврдено дека и [redacted] има остварено средба со новинарот Мирослав Лазански.

**Оперативен работник**
[redacted]

Доставено до:
1. Оддел за анализа и истражување (примерок бр.1)
2. ОКР (примерок бр.2)